**Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС”**
**објавува**
**Повик за тутори за академската 2016/2017 година**

Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС” во рамки на проектот **“Ромаверзитас - академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија“** објавува повик за тутори за одржување на туторски часови за одреден наставен предмет за студенти Роми на додипломски студии на државните и приватните универзитети во Република Македонија. Проектот е целосно поддржан од страна на Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), Будимпешта.

## Опис на туторството

Туторството е дополнителна академска помош за студентите Роми преку одржување на индивидуални часови на туторот и студентот за одреден наставен предмет за договорени наставни содржини, во договорени датуми, времетраење и место на одржување.

Целта на туторството е поуспешно совладување на наставните содржини и зголемување на можностите за успешно подготвување и полагање на одреден/и колоквиуми/испити. За еден наставен предмет може да се одржат околу 20 туторски часови.

Пријавените тутори ќе бидат регистрирани во базата на тутори за академската 2016/2017 година и ќе бидат понудени за ангажман во текот на академската 2016/2017 година само доколку студентите Роми во нивното барање за туторство не предложат тутор или нивниот предложен тутор не ги исполнува условите за тутор, бидејќи студентите Роми во нивното барање за туторство можат да предложат тутор за одржување на туторските часови.

## Работни задачи и надоместок на туторот

Сите ангажирани тутори кои ќе одржуваат туторски часови ќе треба:
- да подготват план на туторски часови заедно со студентот;
- да реализираат туторски часови според планот;
- да подготват и достават извештаии за реализираните туторски часови.

Ангажираните тутори ќе склучат договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи на туторот и висината на авторски надоместок. Туторите по исполнувањето на работните задачи ќе бидат исплатени бруто авторски надоместок за вкупниот број на одржани туторски часови. Висината на авторски надоместок за еден туторски час во времетраење од 60 минути изнесува шест евра во денарска противвредност.

## Услови за пријавување за тутор

За тутори може да се пријават:
- дипломирани лица на III циклус на студии кои не вршат проверка на знаењето на студентот во процесот на оценување на знаењето на студентот за наставниот предмет за кој се пријавуваат да бидат тутор;
- дипломирани лица на II циклус на студии;
- дипломирани лица на I циклус на студии кои за предметите за кои се пријавуваат да бидат тутор ги имаат положено со најмалку 8 (осум) оцена;
- студенти во последните две години на студии кои за предметите за кои се пријавуваат да бидат тутор ги имаат положено со најмалку 8 (осум) оцена.

**Документи и начин на пријавување за тутор**

За пријавување за тутор треба да се доставaт следните документи:

- пријава за тутор;
- скенирана диплома од завршен III, II или I циклус на студии;
- уверение за положени испити, само за дипломираните лица на I циклус на студии и студентите во последните две години на студии.

Пријавата за тутор се пополнува и испраќа на електронски пат со притискање на копчето **SUBMIT**, додека останатите документи треба да се испратат на е-маил адресата:**office@romaversitas.org.mk** со назнака ***пријавување за тутор***.

Пријавата за тутор е достапна **овде**.

**Краен рок за пријавување**

Краен рок за пријавување на повикот за тутори е **30 Април 2017**.

Дополнителни информации за повикот за тутори можете да добиете во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС“ во Скопје, Тетово и Штип, или на тел: 076/225-568, секој работен ден од 10.00 до 18.00 часот или електронски на е-маил адресата: office@romaversitas.org.mk.